


ВМРО-ДПМНЕ би освоила 32,4 отсто од гласовите на локалните избори, СДСМ 15,1, ДУИ 8,3, а ДПА 3,1 отсто, покажуваат резултатите од телефонската анека што ја спровел Институтот „Павел Шатев“ во периодот од 12 до 15 март на 1.000 испитаници.

Се уште не знаат за кого би гласале 36,4 отсто од анкетираните. Доколку мора да се определат за некоја партија, 30,5 отсто би биле за ВМРО-ДПМНЕ, 15,8 отсто за СДСМ, за ДУИ би гласале 9,3 проценти, а за ДПА 6,2 проценти.

Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски е политичар со највисока доверба, односно 24 отсто од испитаниците кажале дека нему најмногу му веруваат. За Бранко Црвенковски се 8,6 отсто, за Али Ахмети 6,5 проценти, за Мендух Тачи 3,6 отсто. На ова прашање одговор немале 16,7 отсто, додека 28,1 процент не му веруваат на ниту еден од наведените политичари.

На прашањето која партија има подобра програма, 49 отсто се одлучиле за ВМРО-ДПМНЕ, 23 проценти за СДСМ, а на ова прашање одговор немаат 28 отсто од испитаните граѓани.

Повеќе од половина, односно 56,1 процент сметаат дека ВМРО-ДПМНЕ има подобра организација, за СДСМ гласале 22,8 отсто, а на ова прашање одговор немаат 21,1 процент од испитаниците.

Доколку утре би се одржале парламентарни избори, за ВМРО-ДПМНЕ би гласале 23,9 отсто, за СДСМ 13,9, за ДУИ 6,8 и за ДПА 3,9 отсто. Најголем процент од анкетираните граѓани, односно 31,3 отсто не знаат за кого би гласале